Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 168/0306
07.05.2018 год.
Скопје

04.05.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 30 април 2018 година, врз основа на примена жалба од Народна банка на Р.Македонија, ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

**ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА**

Прилогот на Телевизија 24 не отстапува од професионалните и етичките стандарди

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 11 април 2018 година, Народна банка на Република Македонија поднесе жалба за прилогот со наслов „Богов: Критикуваните мерки за странските инвестиции даваат резултат за извозот“, објавен на 5 април 2018 година, на Телевизија 24 (www.24vesti.mk).

Во жалбата се наведува дека прилогот, во кој што медиумот пренесува дел од одговорите на гувернерот Димитар Богов, дадени веднаш по кусото соопштение за Седмата годишна истражувачка конференција на Народна банка, било дадено несоодветно толкување на неговата изјава со кое се кршеле професионалните и етичките стандарди во новинарството.

*„На самиот почеток на прилогот е потенцирано: Пред заминување од гувернерското место, Димитар Богов ја пофали претходната, а ја искритикува сегашната власт. Нагласуваме дека гувернерот Богов, на 5 април годинава, во рамки на дадените одговори на новинарските прашања, во ниту еден момент не правеше компарација меѓу економските мерки на претходната и на актуелната власт, ниту, пак, даваше оценки за економските мерки“*, се вели, меѓу другото, во жалбата на Народна Банка.

Според жалителот, потврда дека не постоела таква изјава на гувернерот и оти се работело за груба конструкција на ТВ24 биле прилозите на другите медиуми, присутни на настанот, кои во своите извештаи не пренеле таква информација.

Од Народна банка посочуваат и дека до ТВ24 се обратиле со барање за објавување реакција и исправка на спорната содржина, но дека телевизијата не ги објавила.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија 24 и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Главниот и одговорен уредник, Младен Чадиковски, одговори на наводите на жалителот.

Чадиковски смета дека жалбата е неоснована, зашто во прилогот во ниту еден момент не била искажана невистина, туку, напротив, авторот преку новинарска интепретација само го потенцирал тоа што гувернерот Богов го кажал во односната изјава.

*„Станува збор за изјава во која во еден дел тој вели дека “толку критикуваните мерки дале резултат“, мерките се однесуваат на период во кој раководеше поранешната Влада и логичниот новинарски заклучок од таа изјава е дека Богов ги пофалува мерките на*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

*поранешната Влада (за што впрочем и самиот е свесен според дадената претставка). Како што може да се види од приложеното, констатацијата во нашиот прилог не е само општа, туку и попрецизно ја објаснува дадената изјава (потенцирано за странските инвестиции)“*, се наведува во одговорот на Телевизија 24, во кој се цитираат и делови од изјавата на Богов, дадени во контекст на критикувањето на актуелната влада.

Во однос на претставката и реакцијата од Народна Банка, од Телевизија 24 ценат дека се работи за обид за цензурирање на слободната новинарска мисла и интерпретација, зашто, како што велат, со реакцијата не се демантирале фактите или податоците во прилогот, туку практично се коментирала линијата на прилогот.

*„Медиумите би биле само огласна табла, а новинарите само држачи на микрофони доколку дозволиме центрите на моќ да ни налагаат избор на зборови или избор на реченици и толкувања на одредени изјави, што секако не е основна функција на медиумите“*, појаснува Чадиковски во образложението зошто ТВ24 не ја објавила реакцијата и претставката на Народна банка.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата во однос на содржината е **НЕОСНОВАНА** и дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 30 април, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Таа, најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Нејзината надлежност е, единствено, да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најнапред, утврдија дека прилогот произлегува од јавниот интерес, дека авторот изнесува свои гледишта и дава сопствен вредносен суд преку критички осврт на изјавите на гувернерот Богов. Изборот на фактите во новинарскиот производ обезбедува објективна информација и согледување на повеќе аспекти на темата.

Комисијата најде дека новинарот не дал само паушална проценка кога одлучил изјавите на гувернерот да ги протолкува како бранење на една, а критикување на друга власт.

Впрочем, не е потребно да се презентира конкретна и експлицитна компарација на одредена тема за новинарот самостојно да извлече сопствена перцепција, како во случајов со изјавите на Богов, објавени во самиот прилог. Комисијата се согласи дека во искажаните ставови на гувернерот има елементи кои можат да се протолкуваат како фалба, односно критика на одредена политичка опција:

***„Стапката на раст на извозот е многу висока и таа главно е водена од оние нови производствени капацитети во слободните економски зони, значи оние многу критикувани капацитети го водат извозот и со тоа веројатно ќе имаат значаен придонес врз економскиот раст годинава“.***

***„Се' уште не гледам дека е вратена довербата. Има некој оптимизам кај банките во очекувањата дека ќе се подобри, но се' уште немаме реални индикатори за враќање на довербата.“***

Критичкото следење на настаните, а особено на носителите на јавните функции се меѓу главните задачи на новинарите, а обврска на институциите, во случајов на Народна банка, не е да расудува кои медиуми известувале етички, а кои неетички за конкретниот настан, како што е наведено во самата жалба.

Слободата на говор е неприкосновена се' додека таа не излегува од границите на слобода на изразување.

Во согласност со Декларацијата за слободата на политичката дебата во медиумите, политичарите, јавните функционери и јавните институции прифатиле да бидат поставени под јавна критика за нивниот домен на работа. Новинарската слобода вклучува и искажување на гледишта до степен на претерување, дури и провокација, се' со цел да поттикне јавна дебата на конкретна тема.

Во однос на забелешката на жалителот дека испратил, но оти не му било овозможено објавување реакцијата и исправка од страна на ТВ24, став на Комисијата е дека медиумот можел да ги објави, но во исто време, став на Комисијата е и дека медиумот оправдано останал доследен да ја задржи независноста на своите ставови, во услови кога е сигурен дека не ги прекршил етичките начела.

Впрочем, и членот 3 од Кодексот на новинарите вели дека новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор, **во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.**

Ваквиот став Комисијата го изгради по повеќедневна и конструктивна дебата, водена од едногласната оценка дека во оспорената содржина нема елементи кои упатуваат на неточна информација и со тоа медиумот не прекршил ниту еден член од Кодексот на новинарите, вклучително и принципите на однесување наведени во преамбулата на Кодексот.

Сепак, во овој контекст, Комисијата чувствува обврска да потсети дека новинарите и медиумите треба да настојуваат да се обезбеди објавување демант, исправка или одговор, и во случај ако не е утврдена неточност на информацијата. На тој начин, новинарот го штити и сопствениот интегритет, но и интегритетот на медиумот во кој работи. Во таа насока, Комисијата упатува и на членот 16 од Уставот и на членот 17 од Законот за медиуми:

*** Членот 16 од Уставот во делот во кој се вели:**

Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање.

*** Членот 17 од Законот за медиуми (Право на исправка на објавена информација), во делот кој се вели:**

Секој има право од издавач на медиум, односно од одговорен уредник на издавач на медиум да бара, без надоместок, да објави исправка на објавената информација во која се наведуваат неточни факти објавени во информацијата, а со кои биле повредени неговите права или интереси. Право на исправка имаат и правните лица и другите организации и тела, доколку со информацијата биле повредени нивните права или интереси.

* * *

**При своето одлучување, Комисијата ги зеде предвид и:**

* **Член 4 од Декларацијата за слобода на политичката расправа во медиумите** (Комитет на министрите на 872 состанок од 12.12.2014) каде се вели дека:

„Функционерите мора да го прифатат фактот дека се, особено преку медиумите, подложни на јавен надзор и критика за начинот на кој начин ги обавувале или ги обавуваат своите функциии, ако тоа е потребно за обезбедување транспарентност и одговорно вршење на нивните функции.

* **Пресудата на ЕСЧП во случајот Dichand and oth. Vs Austria 2002,** според која, Судот прифати дека дури и многу остри зборови не ја поместуваат критиката надвор од границите на заштитата од член 10. Така, Судот го смета следново:

"Член 10 ја штити не само суштината на идеите и на информациите што се искажани туку и формата во која тие се пренесени. Слободата на новинарите, исто така, вклучува и можно движење до степен на претерување, па дури и провокација."

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Одлуката е донесена со мнозинство гласови на членовите на Комисијата. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Ердем Ахмет, Гоце Герасимовски и Филип Ѓурчиновски.

**Се обврзува Телевизија 24 (www.24vesti.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595